КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА
АД СКОПЈЕ
Бр. 02-180-19/1
26.02.2025 год.
СКОПЈЕ

# МИСЛЕЊЕ

за Консолидираните извештаи на Друштвото за ревизија
Грант Торнтон ДОО Скопје

Друштвото за ревизија Грант Торнтон ДОО Скопје во текот на декември 2024 и јануари 2025 година изврши ревизија на консолидираните финансиски извештаи на Комерцијална банка АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2024 година, коишто вклучуваат Консолидиран биланс на состојба, Консолидиран извештај за сеопфатна добивка, Консолидиран биланс на успех, Консолидиран извештај за промените во капиталот и резервите и Консолидиран извештај за паричниот тек и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со регулативата на Народната банка на Република Северна Македонија.

Ревизијата на консолидираните финансиски извештаи на Комерцијална банка АД Скопје е планирана и спроведена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија (прифатени и објавени во Службен весник на Република Македонија бр. 79 од 11 јуни 2010 година) и Кодексот на етика, кои ревизорите се обврзани да ги почитуваат.

При вршење на ревизијата ревизорите, согласно проценетиот ризик од материјално погрешно прикажување на консолидираните финансиски извештаи, вклучија соодветни постапки за прибавување ревизорски докази за износите и обелоденувањата во консолидираните финансиски извештаи.

Друштвото за ревизија ја разгледа интерната контрола во сите сегменти на банкарското работење и процесите на сметководствено евидентирање, признавање и вреднување на позициите од Консолидираниот биланс на состојба и Консолидираниот биланс на успех.

Со цел успешно и ефикасно извршување на ревизијата на консолидираните финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2024 година, Друштвото за ревизија Грант Торнтон ДОО Скопје пристапи кон предревизија во текот на октомври и ноември 2024 година, со состојба 30.09.2024 година.

Раководството на Комерцијална банка АД Скопје е одговорно за подготвување и објективно презентирање на консолидираните финансиски извештаи подготвени во согласност со регулативата на Народната банка на Република Северна Македонија. Со задоволство ги прифаќаме Извештаите на Друштвото за ревизија Грант Торнтон ДОО Скопје според кои консолидираните финансиски извештаи на Комерцијална банка АД Скопје за годината која завршува на 31 декември 2024 година се подготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со регулативата на Народната банка на Република Северна Македонија.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА**
**БАНКАТА**

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ 03

Александра Максимовска
Стојкова